**20252554924**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ НА ЕСМ ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА БИТОЛА 3, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за Фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7160/1
17 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ НА ЕСМ ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА БИТОЛА 3, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за Фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ од 37.000.000 евра, доколку Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договор за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за финансирање на Проектот на ЕСМ за Фотонапонска електроцентрала Битола 3.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги врши Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс-период од три години.

Отплатата Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе ја врши во 24 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 10 јуни и 10 декември секоја година, како што е утврдено со Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот во рок од седум дена од денот на стапувањето во сила на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе и плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија во висина од 0,5% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства од ставот 5 на овој член ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.